Сузана БОРНАРОВА

УДК: 364.075:339.13.025.3

# ЛИЦЕНЦА – ПАТ КОН ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА ДЕЈНОСТ

***Кратка содржина***

*Лиценцата претставува документ кој го издава официјален орган (најчесто комора) на лица – професионалци, институции, проекти или програми, а со кој инструмент државата го регулира и супервизира целокупниот процес на развој на социјалната дејност, од повеќе аспекти: соодветен квалитет на институциите; соодветно функционирање на институциите; професионалната квалификација и усовршување на професионалците; процесот на осовременување на знаењата; супервизијата и евалуацијата. Движењето кон лиценцирање во социјалната работа воопшто, претставува не само обид да се унапреди квалитетот на непосредната социјална работа, туку и мотивирачки фактор за поттикнување на самоодговорноста кон усовршување на професионалците. Лиценцирањето претставува продолжение на искуственото и образовното усовршување на професионалците, по стекнувањето на високо образование. Примената на лиценцата и сертификатот во социјалната работа има и свои практични димензии. На пример, покрај заштита на корисниците од квази-професионалците, обезбедување на основните нивоа на квалификации/компетенции, лиценцирањето овозможува реализација на различни модели на финансирање кои во наши услови се поретко применувани: („third-party payments“) односно кога државата го плаќа директно понудувачот на социјалната услуга од име на корисникот, или финансирањето преку контрактирање („contracting“), односно пракса во која државна институција склучува договор за понуда на одредена социјална услуга од страна на приватна или невладина организација. Всушност, целта на лиценцата е повеќеструка. Таа ја олеснува имплементацијата на процесот на глобализација во Европа и светот, со самото тоа што овозможува проток и признавање на стекнатите квалификации на професионалците и во други земји.*

***Клучни зборови:*** *ЛИЦЕНЦА, РЕГИСТРАЦИЈА, СЕРТИФИКАТ, КВАЛИФИКАЦИИ, ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА, КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ, ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ.*

## Лиценцирање и регистрирање

Лиценцирањето е пракса која се применува во најголем број развиени земји, а оттука е актуелна и важна за секоја земја која се обидува да ги следи современите текови и да ги применува новите трендови карактеристични за современиот свет. Имено, лиценцата претставува документ (дозвола за работа) кој го издава официјален орган (најчесто комора) на лица – професионалци, институции, програми или проекти.

Лиценцата е нов инструмент со кој државата го реализира и супервизира целокупниот процес на развој на социјалната дејност, и тоа од аспект на:

- Соодветен квалитет на институциите;
- Соодветно функционирање на институциите;
- Професионалната квалификација и усовршување на професионалците;
- Процесот на осовременување на знаењата;
- Супервизијата и евалуацијата.

Лиценцата може да се јави во повеќе форми регулирани со закон. Овие форми се разликуваат од една земја во друга, иако во крајна линија ја имаат истата функција и значење. Некаде се јавува во форма на сертификат (со кој користењето на називот „социјален работник“ е ограничено само на оние професионалци со посебно знаење и квалификации), или лиценца во права смисла на зборот со која надлежниот орган (комората) наведува специфични барања и ја ограничува праксата на социјална работа само на оние кои ги исполнуваат тие барања (Popple R. P., Leighninger L., 1993). Во некои земји социјалните работници се „лиценцирани“, во други земји постојат одредби за регистрирање или заштита на дејноста. Во некои земји, со закон се уредени и лиценцирањето и регистрацијата (Johnson W. H., 1995).

Лиценцата претставува индикатор: а) на активностите на поединецот, сервисот (институцијата) или проектот; б) на стандардите во однос на квалитетот во работата кој треба да го задоволат; в) нивен регулатор и усмерувач кон унапредување и поттикнување кон развој во работата; а во исто време и г) стимулатор на конкуренцијата во доменот на понудата на социјалните услуги воопшто.

Всушност, целта на лиценцата е повеќеструка. Таа ја олеснува имплементацијата на процесот на глобализација во Европа и светот од професионален аспект, со самото тоа што овозможува признавање и проток на стекнатите квалификации на професионалците и во други земји. Исто така, она што лиценцата го поттикнува е пред се самоодговорноста кон усовршување без оглед дали станува збор за поединец или институција. При тоа, во развиените земји, универзитетите имаат голем удел во процесот на давање образовни квалификации на лица заради добивање лиценци за работа, со самото тоа што се директно вклучени во реализација на образовни форми за професионално усовршување кое е потребно за да се добие бараната лиценца (курсеви, семинари, испити, супервизија и сл.).

Конкретно за земјите од ЕУ, лиценцата е документ кој содржи критериуми кои треба да ги почитуваат сите земји членки. На ваков начин во земјите од ЕУ, обезбедени се предусловите за вклучување и на останатите релевантни сектори (невладиниот, приватниот) во социјалната заштита, покрај државниот сектор. Воедно, поради тоа што државата се јавува во улога на орган кој ја донесува регулативата според која се одредува институцијата (комора) надлежна за издавање на лиценците, таа го задржува увидот над работењето на поединци и институции за целата територија на земјата, и што е најважно се гарантира квалитетот во работата, се поставуваат стандарди кои мора да се исполнат (и технички и кадровски), и се јавува како двигател на поголем ангажман на поединците и институциите за професионално усовршување доколку се сака да се задржи лиценцата за работа и да продолжи да опстојува како понудувач на било каков вид социјална услуга.

## Перспективите на професионализмот во социјалната работа

За социјалната работа како професија во теоријата и праксата се водат повеќе дебати. Според Едит Абот (Abbott, 1999), професионализмот во основа претставува научна заснованост на праксата. Професионална е онаа организација која служи како чувар на професијата, поставува строги стандарди за влез во полето на социјалната работа, и воедно работи на подобрување на квалитетот на обученоста и имиџот на социјалната работа воопшто (Reeser, 1996).

Обидот на секоја професија да се здобие со овој статус се фокусира пред се на стекнување на оние карактеристики кои се типични за традиционалните професии и супервизија над праксата. Лиценцирањето и служи токму на наведената цел, иако лиценцата е само една од стратегиите со кои се користи социјалната работа во постигнувањето повисок професионален статус, заштита на својот професионален домен од компетитивната околина, и мотивираност од желбата да се заштити јавноста од практичарите со несоодветни квалификации. Нејзина цел е да постави соодветни стандарди во сите подрачја и да им даде можност на корисниците да се повикаат на неа доколку тие стандарди не се исполнети. Заради тоа, во поголем број развиени земји во светот, е воведена пракса на лиценцирање (vendorship), со поставување на барања кои треба да ги исполнат оние професионалци кои работат во праксата, како на пример обврски за континуирано образование, периодична ресертификација (обнова на добиениот сертификат или лиценца), и периодични контроли над практичната работа. Потребата од лиценцирање посебно станува актуелна со се поголемиот пробив на приватната пракса во социјалната работа. Поради тоа што приватната социјалната работа е помалку видлива, особено ако не е под било каква супервизија, се карактеризира со послабо организационо и колективно раководење, но воедно и поради присуството на ризикот „за профит“ кој е конфликтен со идеалот на помош кој некогаш резултира со злоупотреба на корисниците, се истакнува потребата од регулирање и контрола на приватната дејност без оглед на тоа со кој вид корисници работи (Reeser, 1996).

Поради наведеното, социјалните работници мораат да ја сносат и етичката и законската одговорност во односите со корисниците на услугите, при супервизијата или реализација на различни програми. Во спротивно, отсуството на оваа одговорност ќе значи грешки во работата, прекршувања на етичките принципи и неквалитетна пракса. Заради ваквата состојба, кога станува збор за социјалната работа, посебно внимание се посветува на барањето професионалците да имаат поминато континуира едукација, меѓу другото, и од областа на етиката во социјалната работа доколку сакаат да добијат лиценца

за работа. Се смета дека иако професионалните стандарди не се синоним за етичката пракса, социјалните работници треба да ја познаваат етиката во социјалната работа и да развијат умешност за донесување одлуки и кога се работи за почувствителни етички прашања и дилеми (Reeser, 1996).

За оваа намена во различни земји различни тела или органи, во зависност од законската регулатива, ја вршат акредитивната функција со која се дозволува опстојување и делување на само оние поединци или институции кои ги задоволуваат потребните барања. На пример во САД, постојат национални и државни Комитети за решавање на спорови покренати против социјални работници за кои се смета дека го прекршиле Кодексот на професионална етика на социјалните работници. Иако Комитетите примаат жалби покренати само против социјалните работници кои се членови на Националната асоцијација на социјални работници, сепак државните органи надлежни за лиценцирање и судовите можат да преземат казнени мерки против социјалните работници кои не се членови на НАСР, а за нив постојат сознанија за несовесно работење (Reeser, 1996).

Еден друг и особено важен аспект на лиценцирањето е тоа што социјалната работа преку него прави обид да ја дефинира својата улога во однос на другите „помагателни професии" како психијатрија, психологија, јавна администрација и сл. На ваков начин, во извесна мерка се придонесува кон ривалство наместо градење коалиција меѓу професиите за доброто на заедницата (Haynes S. K., Mickelson S. J., 2000). Исто така, движењето кон лиценцирање во социјалната работа воопшто, претставува обид да се организира и да се има увид во она што се случува во праксата. Сепак, тоа делумно е израз и на професионалната тенденција на затворање во себе и ограничување на пристапот на други профили во рамките на една професија. Оние со подемократски пристап кон професионализмот го критикуваат овој аспект на лиценцирањето, а други сметаат дека со лиценцирањето се овозможува јавно санкционирање, но и заштитата на корисниците (Popple, Leighninger, 1993).

Интересот на социјалната работа во лиценцирањето е израз на потребата на самата професија „социјална работа" да се дефинира

себеси и својата улога во поширокиот систем на социјална заштита. Поради тоа што и голем број други професии се во врска со овој систем, секоја од нив се бори да го задржи професионалниот идентитет и увид над одреден домен од праксата на социјална заштита. Ваквите тенденции кон меѓусебна конкуренција се ублажени од потребата да им се помага на корисниците на социјална заштита, што најчесто резултира со неминовна соработка со припадниците од другите дисциплини (Popple, Leighninger, 1993).

Примената на лиценцата и сертификатот во социјалната работа има и свои практични димензии. На пример, покрај заштита на корисниците од квази-професионалците, обезбедување на основните нивоа на квалификации/компетенции, лиценцирањето овозможува реализација на различни модели на финансирање за кој веќе говоревме. Такви се „third-party payments", односно кога државата го плаќа директно понудувачот на социјалната услуга од име на корисникот, или финансирањето преку контрактирање, односно пракса во која државна институција склучува договор за понуда на одредена социјална услуга од страна на приватна или невладина организација (Johnson, 1995).

Без обид да навлегуваме во детална елаборација на лиценците и на овој процес на лиценцирање кој не е новина за развиениот свет, за многу земји кои ги следат тековите на интеграција со развиените земји, во блиска иднина лиценцата ќе стане реалност. Заради тоа, потребно е пред се информирање на релевантните субјекти во овие земји, но и подготовка за реализација на овој процес на лиценцирање кој ќе значи целосна промена на амбиентот во кој функционирањето на социјалните сервиси кои не ги задоволуваат критериумите на квалитет во понудата, а оттука директно ги загрозуваат интересите на корисниците, ќе биде во најмала рака оневозможено.

Со движењето кон резидуална социјална заштита и плурализмот во социјалната заштита на социјалната сцена настапуваат и некогаш потиснатите сектори, како што се приватниот, невладиниот, верскиот. При тоа државата не се повлекува од социјалната сцена во целост, препуштајќи ја социјалната заштита на населението на останатите сектори. Напротив, токму преку праксата на лиценци-

рање, се врши супервизија и увид во нивното делување и професионализмот во работата. Со други зборови, државата делумно ја препушта реализацијата на некогаш јавните програми на останатите партнерски сектори, но при тоа, со свои механизми на супервизија, лиценци, сертификати, увид во праксата, е задолжително присутна во обезбедувањето на квалитетот на работата и заштитата на корисниците.

(Рецензент: *йроф. д-р Дивна Лакинска*)

## ЛИТЕРАТУРА


Haynes, S., Karen, Mickelson, S., James, 2000, "Affecting Change – Social Workers in the Political Arena", Allyn and Bacon.

Henry, N., 2001, "Public Administration and Public Affairs", Prentice Hall;

Herrmann, P., 2001, "Redefinition of Social Services in the Context of Globalisation", SS3003 – Social Policy Analysis.

Popple, R., Philip, Leighninger, L., 1993, "Social Work, Social Welfare and American Society", 2nd edition, Allyn and Bacon, Boston.

Raffoul, R., P., and McNeece, A., C., 1996, "Future Issues for Social Work Practice", Allyn and Bacon.

Reeser, L., 1996, "The Future of Professionalism and Activism in Social Work", Illinois: Peacock Publ.


Suzana BORNAROVA

## LICENCE – A PATH TOWARD PROFESSIONALISATION OF SOCIAL SERVICES


### Abstract

*A license is a document issued by authorized organ (often a chamber) to persons - professionals, institutions, programmes or projects. The license is an instrument used by the state to implement and supervise the process of social services development, in many aspects: a relevant level of insti-*

*tutional quality; a proper institutional functioning; professional qualifications and advancement of professionals; the process of upgrading the knowledge; supervision and evaluation. In other words, the movement towards social work licensing in general, is not only an attempt to organize and supervise the practice, but also a motivating factor for encouraging self-responsibility towards professional improvement. The application of the license and certificate in social work has also practical dimensions. Namely, apart from the protection of social service beneficiaries from quasi-professionals, providing basic levels of qualifications/competencies, the licensing enables implementation of different models of financing, rarely practiced in our Country, such as are third-party payments or contracting. In fact, the purpose of the license is manifold. It eases implementation of the process of globalization in Europe and in the World, by the very fact that it enables transfer and mutual recognition of acquired professional qualifications among the countries.*

***Key words:*** *LICENSE, REGISTRATION, CERTIFICATE, QUALIFICATIONS, PROFESIONALIZATION, SERVICE QUALITY, PROFESSIONAL UPGRADING.*